Врз основа на член 4 став (1), став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување и пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно – техничка служба во НУ Центар за култура – Битола, член 20 – г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 22 став (1) алинеја 1), став (4) од Законот за работните односи, член 77-в и 77-г од Законот за култура, Националната установа Центар за култура – Битола објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 3/2026**

за вработување на работник на неопределено време

1. **КУЛ 04 01 Б02 002 Портир – 1 (еден) извршител.** Посебни услови: најмалку средно образование ( тригодишно стручно или четиригодишно).
   Паричен нето износ на основна плата: 39.690,00 денари ( во кој не е вклучен додатокот на плата врз основа на работен стаж).

2. **КУЛ 04 02 А02 001 Помошник работник за обезбедување – 1 (еден) извршител.**
   Посебни услови: - најмалку средно образование ( тригодишно стручно или четиригодишно),
   - лиценца за обезбедување,
   - посетена обука или сертификат за ПП апарати.
   Паричен нето износ на основна плата: 35.770,00 денари ( во кој не е вклучен додатокот на плата врз основа на работен стаж).

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:** да е државјанин на Република Северна Македонија; активно да го користи македонскиот јазик; да е полнолетен; да има општа здравствена способност за работното место; и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Распоред на работно време:** Работни денови: понеделник-петок; Работни часови неделно: 40 часа; Работно време: од 08:00 до 16:00 ч.

**Рок за доставување на пријава за вработување**:15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето во дневните весници.

Пријавата за вработување на работно место содржи:

–Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница), како и кратко мотивациско писмо;

–Кратка биографија;

Кандидатите за работните места кон пријавата за објавениот оглас треба да приложат во оргинална форма или копија заверена на нотар:

1. Доказ за државјанство на Република Северна Македонија не постаро од 6 месеци;
2. Доказ за општа здравствена состојба/лекарско уверение;

Scanned with CamScanner

3. Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за вршење професија, дејност или должност/потврда издадена од суд;
4. Уверение/диплома за завршен степен на образование;
5. Доказ за работно искуство;
6. Своерачно потпишана Изјава од кандидатот за познавање на македонскиот јазик.

* Уверенијата за општа здравствена способност и дека на кандидатот не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност не треба да се постари од шест месеци сметано од денот на поднесување на пријавата.

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма) кандидатите треба да ја достават до архивата на установата или по пошта на следната адреса:
Националната установа Центар за култура – Битола, Широк Сокак бр. 60, Битола (со назнака: „за Јавен оглас бр.1/2025)

Начинот на спроведување на постапката за селекција ќе се спроведе согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за културата и согласно општите прописи за работните односи, кои се во сила во државата, односно административна селекција за проверка на веродостојност на податоци и докази доставени од кандидатите на јавниот оглас; интервју со кандидати кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази.

Кандидатите, треба да достават прецизни, валидни и точни податоци, во пријавата за огласот и докази во оргинална форма или копија заверена на нотар кон пријавата за огласот бр.3/2026 . Ненавремените и некомплетно пополнети пријави со несоодветни и нецелосни докази нема да се разгледуваат.

НУ Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски